Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 80, 15 мај 2012 година

мај 2012 година
Штип

**С О Д Р Ж И Н А**

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник во звање асистент за научната област применета кинезиологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното поле/област клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 7

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научното подрачје фармација на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област молекуларна биологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез гитара – техника 1“ од доцент Антонијо Китановски, Факултет за музичка уметност, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 24

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Техничка механика и (статика)“ од доцент д-р Симеон Симеонов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 26

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот мотори со внатрешно согорување“ од доц. д-р Златко В. Соврески и помл. асис. Владимир Тевдов, Машински факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 29

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ЗА НАУЧНОТО ПОЛЕ/ОБЛАСТ КЛИНИЧКА МЕДИЦИНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип донесе Одлука за распишување на Конкурс за избор на ***асистент*** за научното поле/област ***клиничка медицина*** на Факултетот за медицински науки, двајца извршители. На седницата одржана на 8 март 2012 година Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-112/13 за формирање на Рецензентска комисија за избор на асистент за научното поле/област *клиничка медицина* на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип во следниот состав:

- проф. д-р Милица Ивановска, претседател, редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
- проф. д-р Никола Силјановски, член, редовен професор во пензија;
- проф. д-р Никола Камчев, член, вонреден професор на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник“ и „Лајм“ на 15 февруари 2012 година.

Врз основа на приложената документација на кандидатите, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот Конкурс за избор на асистент по Клиничка медицина, двајца извршители, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип од 15 февруари 2012 година се пријавија четири кандидати:

1. Д-р Анѓела Дебрешлиоска, специјалист по интерна медицина

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Анѓела Дебрешлиоска** е родена на 12 август 1979 година во Скопје. Основно и средно училиште завршува во Штип, со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје дипломира во декември 2003 година, со што се здобива со стручен назив доктор на медицина. Стручниот државен испит го положува во март 2005 година и се здобива со работна лиценца, по што започнува со работа како лекар по општа медицина во Специјалната болница за кардиохирургија „Филип Втори“ во Скопје. Во декември 2004 година се запишува на постдипломски студии од областа на пулмоалергологија на Медицинскиот факултет во Скопје. Од ноември 2005 година се запишува на специјализација по интерна медицина и истата ја завршува во мај 2010 година, со што се здобива со звањето специјалист по интерна медицина. Од јуни 2007 година работи како помлад асистент од областа клиничка медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип. За време на студиите и специјализацијата има неколку студиски престои на странски клиники. До денес успешно ги извршува работните обврски како помлад асистент на Факултетот за медицински науки - Штип.

Од 2005 година е член на Лекарската комора на Р. Македонија и на Македонското респираторно здружение. Има одлично познавање на англискиот јазик и компјутерски вештини.

***Курсеви, стручни престои***

Четврта школа за остеопороза, Македонско здружение за остеопороза, Охрид, мај 2011 година.

Трета школа за остеопороза, Македонско здружение за остеопороза, Маврово, мај 2010 година.

Студиски престој на Универзитетска клиника - Гросхадерн, Оддел за гастроентерохепатологија, Лудвиг - Максимилијан универзитет, Минхен, Р. Германија, октомври 2009 година.

Салцбург Вил Корнел семинар за медицинска рехабилитација, ААФ/ОМИ програма, Салцбург, Р.Австрија, септември 2009 година.

Втора школа за остеопороза, Македонско здружение за остеопороза, Охрид, мај 2009 година.

Ултрасонографија на абдоминални органи и тироидна жлезда, ПЗУ Еховита, Скопје, февруари 2009 година.

Прва школа за остеопороза, Македонско здружение за остеопороза, Охрид, април 2008 година.

***Научноистражувачка дејност***

1. Серафимов А, Маролова А, Дончовска Д, Величкова Н. Улогата на медицина базирана на докази врз менаџментот на здравството. 33. Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, 2010; 25.
2. Тодосиева К, Серафимов А, Маролова А, Симеонова Е, Петрова М. Превенција на колоректален карцином. 33. Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, 2010; 43.
3. А.Маролова, М.Маролов, Д.Мангароски. Омепразол пред ендоскопија кај пациенти со гастроинтестинално крвавење. 33. Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, 2010; 48.
4. Велкоска Накова В, Марина Н, Маролова А. Улога на anti-cycliccitrullinate peptide (anti-CCP) антителата и IgM ревматоидниот фактор во серолошката дијагноза на ревматоидниот артритис и нивната асоцијација со активноста на болеста. Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество, Охрид 2009; 97.
5. Маролов С, Маролова А, Саздова Д. Третман на хроничен синузитис и неговите ефекти на астмата. IV интернационален конгрес на Македонското респираторно здружение, Охрид, 2008.
6. Маролов С, Маролова А, Саздова Д. Ласерски третман на темпоромандибуларни заболувања. Втор македонски конгрес по оториноларингологија, Охрид, 2008.
7. Маролов С, Маролова А, Саздова Д. Ласерски третман на акутен синузитис. Втор македонски конгрес по оториноларингологија, Охрид, 2008.
8. Маролов М, Маролова А. Хиперреактивност на долниот респираторен тракт предизвикана од инфламација на горните респираторни органи. 31. Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, 2008.
9. Vasileva A. Marolova A. Manailova T. Results of treatment of coronary artery disease in 735 patients. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 149.
10. Mitrev Z, Vasileva A, Marolova A. Jankulovski A. Complete arterial revascularization for treatment of coronary artery disease. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 150.
11. Mitrev Z, Idrizi S, Marolova A, Hristov N. Left atrioplasty in the treatment of chronic atrial fibrillation. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 152.
12. Vasileva A, Hristov N, Belostotskij V, Marolova A, Mitrev Z. Management in acute coronary syndrome with severe heart failure: Supportive treatment with intraaortic balloon pump. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 154.
13. Vasileva A, Idrizi S, Marolova A, Zekiri B, Hristov N, Mitrev Z. Transoesophageal echocardiography in the early postoperative period following open heart surgery. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 155.

14. Zan Mitrev, Anica Vasileva, Tanja Manailova, Atanas Jankulovski, Milan Markovski, Burim Zekiri, Angela Marolova, Elena Ambarkova -Vilarova, Nikola Hristov. Complete arterial revascularization for treatment of coronary artery disease. Programi i Takimit Profesional Mjekësor, Struga 2006.
15. Atanas Jankulovski, Anica Vasileva, Vladimir Belostotski, Nikola Hristov, Tanja Manailova, Angela Marolova, Elena Ambarkova, Vilma Ampova, Zan Mitrev. Management in acute coronary syndrome with severe heart failure: supportive treatment with intraaortic balloon pump. Programi i Takimit Profesional Mjekësor, Struga 2006.
16. А.Маролова: Вонзглобни манифестации на ревматуидниот артритис – во фаза на објавување во наредното издание на списанието „Медикус“.
17. А.Маролова, В. Велковска Накова: Горнодигестивни крвавења при терапија со нестероидни антиинфламаторни лекови и нитровазодилататори, во фаза на објавување во наредното издание на списанието „Медикус“.

***Наставно-образовна дејност***

Помлад асистент на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, по следните предмети:

– 2007/2008 - Анатомија, Физиологија;
– 2008/2009 – Анатомија, Интерна медицина со нега, Анатомија 1, Анатомија 2, Основи на хематологија и трансфузиологија;
– 2009/2010 – Анатомија, Анатомија 1, Анатомија 2, Интерна медицина со нега, Геријатрија со нега (ВЗШ), Хематологија, Трансфузиологија, Вовед во клиничка пракса, Основи на хематологија и трансфузиологија;
– 2011/12 – Физиологија, Интерна медицина 2, Основи на хематологија и трансфузиологија.

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Анѓела Дебрешлиоска, асистент, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| **Вид на активност** | **Број** | **Поени** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| 1.Интерна скрипта за предавања по Анатомија | 1 | 4 | 4 |
| 2.Интерна скрипта за предавања по Болничко згрижување | 1 | 4 | 4 |
| 3.Интерна скрипта за предавања по Основи на хематологија и трансфузиологија | 1 | 4 | 4 |
| 4.Интерна скрипта за предавања по Интерна медицина со нега | 1 | 4 | 4 |
| 5. Научнопопуларна статија во весник, учество во образовна РТВ програма | 2 | 0,5 | 1 |
| 6. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период за 2007/2008) | 10 | 0,5 | 5 |
| 7. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период за 2008/2009) | 16 | 0,5 | 8 |
| 8. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период за 2009/2010) | 16 | 0,5 | 8 |
| 9. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период за 2011/2012) | 16 | 0,5 | 8 |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | |
| **1.** Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Серафимов А, Маролова А, Дончовска Д, Величкова Н. Улогата на медицина базирана на докази врз менаџментот на здравството. 33. Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, 2010; 25 | 1 | 1 | 1 |
| Тодосиева К, Серафимов А, Маролова А, Симеонова Е, Петрова М. Превенција на колоректален карцином. 33. Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, 2010; 43 | 1 | 1 | 1 |
| А.Маролова, М.Маролов, Д.Мангароски. Омепразол пред ендоскопија кај пациенти со гастроинтестинално крвавење. 33. Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, 2010; 48 | 1 | 1 | 1 |
| Велкоска Накова В, Марина Н, Маролова А. Улога на anti-cyclic-citrullinate peptide (anti-CCP) антителата и IgM ревматоидниот фактор во серолошката дијагноза на ревматоидниот артритис и нивната асоцијација со активноста на болеста. Прв македонски ревматолошки конгрес со меѓународно учество, Охрид 2009; 97. | 1 | 1 | 1 |
| Маролов С, Маролова А, Саздова Д. Третман на хроничен синузитис и неговите ефекти на астмата. IV интернационален конгрес на Македонското респираторно здружение, Охрид, 2008 | 1 | 1 | 1 |
| Маролов С, Маролова А, Саздова Д. Ласерски третман на темпоромандибуларни заболувања. Втор македонски конгрес по оториноларингологија, Охрид, 2008. | 1 | 1 | 1 |
| Маролов С, Маролова А, Саздова Д. Ласерски третман на акутен синузитис. Втор македонски конгрес по оториноларингологија, Охрид, 2008. | 1 | 1 | 1 |
| Маролов М, Маролова А. Хиперреактивност на долниот респираторен тракт предизвикана од инфламација на горните респираторни органи. 31. Интернационален медицински научен конгрес, Охрид, 2008 | 1 | 1 | 1 |
| Vasileva A. Marolova A. Manailova T. Results of treatment of coronary artery disease in 735 patients. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 149 | 1 | 1 | 1 |
| Mitrev Z, Vasileva A, Marolova A. Jankulovski A. Complete arterial revascularization for treatment of coronary artery disease. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 150 | 1 | 1 | 1 |
| Mitrev Z, Idrizi S, Marolova A, Hristov N. Left atrioplasty in the treatment of chronic atrial fibrillation. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 152 | 1 | 1 | 1 |
| Vasileva A, Hristov N, Belostotskij V, Marolova A, Mitrev Z. Management in acute coronary syndrome with severe heart failure: Supportive treatment with intraaortic balloon pump. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 154 | 1 | 1 | 1 |
| Vasileva A, Idrizi S, Marolova A, Zekiri B, Hristov N, Mitrev Z. Transoesophageal echocardiography in the early postoperative period following open heart surgery. Third Macedonian congress of cardiology, Ohrid 2006; 155 | 1 | 1 | 1 |
| 2. Учество на научен собир со реферат | | | |
| Zan Mitrev, Anica Vasileva, Tanja Manailova, Atanas Jankulovski, Milan Markovski, Burim Zekiri, Angela Marolova, Elena Ambarkova -Vilarova, Nikola Hristov. Complete arterial revascularization for treatment of coronary artery disease. Programi i Takimit Profesional Mjekësor, Struga 2006 | 1 | 2 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Atanas Jankulovski, Anica Vasileva, Vladimir Belostotski, Nikola Hristov, Tanja Manailova, Angela Marolova, Elena Ambarkova, Vilma Ampova,<br>Zan Mitrev. Management in acute coronary syndrome with severe heart failure: supportive treatment with intraaortic balloon pump. Programi i Takimit Profesional Mjekësor, Struga 2006 | 1 | 2 | 2 |
| 3. Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| | | | |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност** | | | |
| 1. Учесник во научен проект | 1 | 3 | 3 |
| **Завршен втор циклус студии** | 1 | 4 | 4 |
| **Вкупно** | | | **78** |

2. Д-р Мелса Стефанова

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Мелса Стефанова** е родена на 23 февруари 1979 г. во Штип. Основно и средно училиште завршува во Штип, со одличен успех. На Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје се запишува во учебната 1998/1999 година и дипломира на 12 јули 2004 г., со просечен успех 8.93 и се здобива со стручен назив доктор на медицина. На 21 февруари 2005 г. го положува стручниот државен испит и се здобива со работна лиценца. По дипломирањето работи како волонтер во приватна педијатриска здравствена ординација во Штип. Во 2007 година работи како волонтер во ЈЗУ Општа болница - Штип. Од јуни 2007 г. се вработува како помлад асистент од областа на клиничка медицина на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип. Во декември во учебната 2007/2008 година се запишува на постдипломски студии на Медицинскиот факултет во Скопје, од областа нуклеарна медицина. На 15 октомври 2009 г. започнува со специјализација по нуклеарна медицина на Институтот по патофизиологија и нуклеарна медицина при Медицинскиот факултет во Скопје. Во периодот од јули до септември 2011 г. престојува во Хајделберг, Германија на Одделот за нуклеарна медицина, каде што успешно беше вклучена во реализација на проектот „Effects of peptide receptor radionuclide therapy on the [$^{68}$Ga]DOTA-TOC uptake of healthy tissue". На својата 12. седница, одржана на 15 март 2012 г., Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје донесува Одлука за формирање на Комисија за оценка на нејзиниот магистерски труд на тема „Предиктивна вредност на $^{99m}$Tc-MIBI сцинтиграфијата во оценка на малигнитет на тумори на локомоторен систем". До денес успешно ги извршува работните обврски како помлад асистент на Факултетот за медицински науки - Штип.

Од 2005 г. е член на Лекарска комора на Р. Македонија. Има одлично познавање на англискиот и германскиот јазик и компјутерски вештини.

***Учество на конгреси, стручни состаноци, семинари***

VI интернационален конгрес за млади истражувачи, Варшава, Полска, 6-9 мај 2010 година.

Медицински интернационален семинар ОНКОЛОГИЈА 2-тумори на дојка и генитални огани, Салзбург, Австрија.*(OMI- Salzburg Medical Seminars International-ONCOLOGY II Solid tumor oncology-breast and gynecological cancers),* 12-18 септември 2010 година.

XII состанок на млади истражувачи, ендокринолози, Дизелдорф, Германија. 1-3 октомври 2010 година.

III интернационален Нуклеоника курс *(EC/JRC Nuclear Science Training Course with Nucleonica. ITRAC-3:3$^{rd}$ International training course on Illicit trafficking and Radiological Consequences with Nucleonica),* Карлсруе, Германија, 11-13 мај 2011 година.

49. семинар од Европската школа за нуклеарна медицина, Белград, Србија, 23-25 септември 2011 година.

Работилница „*Школа за практикување на медицина базирана на докази - модул 1*”, Штип, Македонија, 17-18 март 2012 година.

***Достигнувања и награди***

Грант за патување од Европското здружение на млади истражувачи *(YAR-12th Annual Meeting)* ендокринолози, Дизелдорф, Германија, 1-3 октомври 2010 година.

Стипендија од *Coimbra group for Young Researchers from Eastern Neighboring Countries*, за стручно усовршување на Одделот за нуклеарна медицина, Хајделберг, Германија, јули-септември 2011 година.

***Список на авторски и коавторски трудови:***

1. Runceva, M., Kirov, L., Cenov, S., Stefanova, M.: Talar neck fracture associated with subtalar dislocation, Third International congress of MAOT, poster presentation Ohrid, 2009, Abstract Book, pp 31.
2. Bojadzieva, E., Stefanova, M., Milosevska, Z., Stefanova-Slavkov, K. Diagnostic accuracy of the ultrasonography in the diagnosis of acute appendicitis in children. 6th Warsaw International Medical Congress for Young Scientists. May, 2010. Warsaw, PL. Abstract Book, pp 210.
3. Bojadzieva, E., Stefanova, M., Milosevska, Z. , Stefanova-Slavkov, K., (2010). Thyroid disfunction in children with Down Syndrome. Young Active Research 12th Annual Meeting October 1st - 3rd, 2010 Düsseldorf, Germany.
4. Runceva, M., Stefanova, M. Stefanova-Slavkov, K. Risk factors for osteoporosis in women having hip fractures after 60 years of age. Young Active Research 12th Annual Meeting October , 2010 Düsseldorf, Germany.
5. Stefanova-Slavkov, K., Stefanova, M., Runceva, M., Bojadzieva, E., Eftimova B. Effects of intratechal morphine combined with spinal anesthesia in patients undergoing orthopedic surgery in the post operative period. IV Macedonian Congress of Anesthesiology (September) Ohrid 2010.Abstract Book, pp 114.
6. Stefanova, M., Bojadzieva, E., Milosevska, Z. Stefanova-Slavkov, K. Usefulness of interdisciplinary DVD simulation in practical work with students of high school of health in Stip. First Congress of Students of health professions and health workers. Bitola, Macedonia,2010. Abstract Book, pp 40.
7. Stefanova, M., Bojadzieva, E., Stefanova-Slavkov, K., Milosevska, Z. Factors affecting medical care in the intensive care unit. First Congress of Students of health professions and health workers Bitola, Macedonia 2010. Abstract Book, pp 34.
8. Trajkovska K, Stefanova M, Angeleska M. Captopril test with $^{99m}$Tc DTPA when, how,why? XVIII congress of the doctors of Macedonia with international participation. Ohrid 2011. Abstract Book, pp 107-108.
9. M. Stefanova, C. Kratochwil, L. Schwartz, U. Haberkorn, F.L. Giesel;Impact of normal tissue uptake using 68Ga DOTATOC-PET/CT in patients with neuroendocrine tumour - a follow-up study. 24th European Congress of Radiology-ERC 2012, Vienna. Oral presentation.
10. М.Стефанова, Б.Андоновски, Д.Миладинова: Евалуација на остеохондром со $^{99m}$ Tc-MIBI и класична $^{99m}$ Tc-MDP скелетна сцинтиграфија (приказ на случај). Во фаза на објавување во наредното издание на списанието „Медикус“
11. F.Giesel, M.Stefanova, L.H.Schwartz et al. Impact of peptide receptor radionuclide therapy on the Ga68 DOTATOC-PET/CT uptake in normal tissue. Во фаза на објавување во наредно издание на The Quaterly Journal of Nuclear Medicine and Molecular Imaging.

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активностите на д-р Мелса Стефанова, асистент, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Вид на активност | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Наставно-образовна дејност** | | | |
| 1.Интерна скрипта за предавања по Заштита при работа во лабораторија | 1 | 4 | 4 |
| 2.Интерна скрипта за предавања по Основи на имунологија | 1 | 4 | 4 |
| 3.Интерна скрипта за предавања по Геријатрија | 1 | 4 | 4 |
| 4.Интерна скрипта за предавања по Современи дијагностички методи | 1 | 4 | 4 |
| 5. Интерна скрипта за предавања по Неврологија и психијатрија со нега | 1 | 4 | 4 |
| 6. Интерна скрипта за вежби по Основи на имунологија | 1 | 2 | 2 |
| 7. Интерна скрипта за вежби по Патологија со патофизиологија | 1 | 2 | 2 |
| 8. Воведување на нов програмски јазик или програмска поддршка во наставата | 1 | 2 | 2 |
| 9. Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период) за секоја учебна година | | | |
| 2007/2008 | 16 | 0,5 | 8 |
| 2008/2009 | 16 | 0,5 | 8 |
| 2009/2010 | 16 | 0,5 | 8 |
| 2010/2011 | 16 | 0,5 | 8 |
| 2011/2012 | 16 | 0,5 | 8 |
| **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | | | |
| 1**. Учество на научен собир со реферат (постер/усно) во земјава, концерт во земјава и во странство** | | | |
| Runceva, M., Kirov, L., Cenov, S., Stefanova, M.: Talar neck fracture associated with subtalar dislocation, Third International congress of MAOT, Ohrid, 2009. Постер-презентација | 1 | 1 | 1 |
| Trajkovska K, Stefanova M, Angeleska M. Captopril test with $^{99m}$Tc DTPA when, how,why? XVIII congress of the doctors of Macedonia with international participation. Ohrid 2011. Постер-презентација | 1 | 1 | 1 |
| Stefanova-Slavkov, K., Stefanova, M., Runceva, M., Bojadzieva, E., Eftimova B. Effects of intratechal morphine combined with spinal anesthesia in patients undergoing orthopedic surgery in the post operative period. IV Macedonian Congress of Anesthesiology Ohrid 2010. Постер-презентација | 1 | 1 | 1 |
| Stefanova, M., Bojadzieva, E., Milosevska, Z. Stefanova-Slavkov,K. Usefulness of interdisciplinary DVD simulation in practical work with students of high school of health in Stip. First Congress of Students of health professions and health workers. Bitola, Macedonia, 2010. Усна презентација | 1 | 1,5 | 1,5 |
| Stefanova, M., Bojadzieva, E., Stefanova-Slavkov, K., Milosevska, Z. Factors affecting medical care in the intensive care unit. First Congress of Students of health professions and health workers Bitola, Macedonia 2010. Усна презентација | 1 | 1,5 | 1,5 |
| M. Stefanova, C. Kratochwil, L. Schwartz , U. Haberkorn, F.L. Giesel;Impact of normal tissue uptake using 68Ga DOTATOC-PET/CT in patients with neuroendocrine tumour - a follow-up study. 24th European Congress of Radiology-ERC 2012,Vienna. Oral presentation | 1 | 2 | 2 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. **Студиски престој во странство** | 1 | 8 | 8 |
| **Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност** | | | |
| 1. **Член на факултетски орган, комисија**<br>(комисија за упис на студенти) | 1 | 2 | 2 |
| **Вкупно** | | | **84** |

3. Д-р Благоја Димовски
4. Д-р Игор Димовски

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на доставената документација, Комисијата заклучи дека кандидатите Благоја Димовски и Игор Димовски ги немаат доставено бараните документи според Конкурсот за избор и не ги исполнуваат условите за избор во асистент, предвидени со Законот за високото образование и Правилникот за единствените критериуми и постапка за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Врз основа на приложената документација, Комисијата констатира дека кандидатките д-р Анѓела Дебрешлиоска и д-р Мелса Стефанова располагаат со високи образовни, научни и стручни квалитети, потребни за извршување на асистентските задолженија. Од табеларниот преглед за вреднување на активностите на д-р Анѓела Дебрешлиоска, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, констатираме дека кандидатката има **78** поени, со што ги задоволува критериумите за избор во звањето асистент. Од табеларниот преглед за вреднување на активностите на д-р Мелса Стефанова, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, констатираме дека кандидатката има **84** поени, со што ги задоволува критериумите за избор во звањето асистент.

Според претходно изнесеното, Комисијата има чест да му ги предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, **кандидатките д-р Анѓела Дебрешлиоска и д-р Мелса Стефанова да бидат избрани во асистенти за научното поле/област клиничка медицина.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Милица Ивановска, претседател, с.р**
**Проф. д-р Никола Силјановски, член, с.р**
**Проф. д-р Никола Камчев, член, с.р**